Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-642/2
05-11-2024 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ“ бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–642/1 од 27.09.2024 година, на седница одржана на 07.03.2024 година го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-642/1 од 27.09.2024 година, поднесена од [redacted] од Ново Село **поради ненадлежност.**

### Образложение

На 27.09.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) електронски преку интернет страната на Комисијата е поднесена претставка од [redacted] од Ново Село, со адреса на [redacted]

Подносителот наведува дека претставката ја поднесува против градоначалникот на општина Ново Село, Ѓорѓе Божинов, од причини што подносителот не добил одговор на советничко прашање кое го поставил до градоначалникот на седница на Советот одржана на 28.11.2023 година. Дополнително на тоа, подносителот доставил уште 4 писмени барања со истата цел да добие одговор на неговото прашање, но истиот не го добил.

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Додека согласно член 8 став 1 од истиот Закон, Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Комисијата заклучи дека опишаниот настан во претставката не опишува и не индицира дискриминаторско дејство во смисла на член 5, член 6 и член 8 став 1 од горенаведениот Закон, а по кое би постапувала Комисијата согласно своите законски надлежности. Наведеното дејствие, односно дејствија се состојат во непостапување по поднесени барања.

Оттука, за предметната работа е предвидено поведување на други видови на постапка, имено постапка пред Народниот правобранител согласно член 13, а во врска со член 2 став 1 од Законот за народниот правобранител („Службен весник на РМ“ бр. 60/2003, 143/2008, 114/2009, 181/2016, 189/2016 и 35/2018), како и тужба за поведување на управен спор во смисла на член 3 став 1 точка 2 од Законот за управни спорови

(„Службен весник на РСМ" бр. 63/2019), согласно кој управниот суд одлучува за законитоста на пропуштањето на јавните органи да одлучат во законскиот рок за правата, обврските и правните интереси на тужителот (управен спор за молчење на администрацијата).

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Лимко Бејзароски

*Доставено до:*
[redacted]
*Архива на Комисијата*